Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-4053/2
30.12. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 150 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 65/2013, 87/2013, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22,236/22, 199/23, 236/23, 30/24, 74/24 и 170/24), членовите 2, 4 и 15, став 1 и 2 од Правилникот за специјализациите и суспецијализциите на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата и фармацијата и на здравствените соработници со високо образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/21 и 231/23), Одлуката за утврдување на критериуми за селекција на кандидати, постапка за упис на специјализација, постапка и услови за промена на гранка на специјализација - пречистен текст, бр. 02-4052/2 од 26.12.2025 година и Одлуката за утврдување на критериуми за селекција на кандидати, постапка за упис на специјализација, постапка и услови за промена на гранка на суспецијализација, бр. 02-1908/1 од 7.7.2023 година, а во врска со Одлуката за распишување оглас за одобрување на специјализации и суспецијализации, бр.02-4053/1 од 26.12.2025 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје распишува

# О Г Л А С
## за одобрување на специјализации и суспецијализации на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје

*I.* Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје распишува оглас за одобрување на специјализации и суспецијализации на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата кои работат во приватни здравствени установи, за невработени и вработени во други правни лица.

Гранки на специјализација/суспецијализација, најкратко времетраење и број на слободни места за упис се следни:

| Ред.бр. | Гранка на специјализација / суспецијализација | Најкратко времетраење | Број слободни места за одобрување |
|---|---|---|---|
| 1. | Детска и превентивна стоматологија | 36 месеци | 15 |
| 2. | Ортодонција | 36 месеци | 18 |
| 3. | Стоматолошка протетика | 36 месеци | 28 |
| 4. | Ендодонција со реставративна стоматологија | 36 месеци | 20 |
| 5. | Орална хирургија | 36 месеци | 25 |
| 6. | Пародонтологија | 36 месеци | 30 |
| 7. | Орална медицина | 36 месеци | 5 |
| 8. | Ендодонција со ендодонтска хирургија (суспецијализација) | 24 месеци | 5 |
| Вкупно | | | 146 |

## II. Услови и потребни документи за одобрување на специјализација / суспецијализација

**1.** Здравствените работници кои ќе поднесат пријава за одобрување на специјализација треба да ги исполнуваат условите согласно член 141 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 65/2013, 87/2013, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република

Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22,236/22, 199/23, 236/23, 30/24, 74/24 и 170/24), односно да имаат:

- завршен Стоматолошки факултет,
- завршена пробна работа и положен стручен испит ,
- лиценца за работа.

**2.** Услов за запишување на суспецијализација на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, **покрај наведените услови од точка 1**, е кандидатот да има завршена специјализација и положен специјалистички испит на една од соодветните гранки на специјализација и тоа:

- За одобрување на суспецијализација по ендодонција со ендодонтска хирургија, кандидатот треба да има положен специјалистички испит на една од следниве гранки на специјализација: ендодонција со ресталративна стоматологија или орална хирургија.

**3.** Во прилог на пријавата за одобрување на специјализација, односно суспецијализација освен задолжителната документација за кандидатите со која се докажува исполнетоста на условите, а која треба да биде во оргинал или заверена на нотар, кандидатот може да достави и дополнителна документација доколку ги исполнува условите согласно Одлуката за утврдување на критериуми за селекција на кандидати, постапка за упис на специјализација, постапка и услови за промена на гранка на специјализација - пречистен текст, бр. 02-4052/2 од 26.12.2025 година, односно Одлуката за утврдување на критериуми за селекција на кандидати, постапка за упис на суспецијализација, постапка и услови за промена на гранка на суспецијализација бр. 02-1908/1 од 7.7.2023 година.

**4.** Законот за здравствена заштита,Правилникот за специјализациите и суспецијализциите на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата и фармацијата и на здравствените соработници со високо образование, Одлуката за утврдување на критериуми за селекција на кандидати, постапка за упис на специјализација, постапка и услови за промена на гранка на специјализација - пречистен текст, бр. 02-4052/2 од 26.12.2025 година, Одлуката за утврдување на критериуми за селекција на кандидати, постапка за упис на суспецијализација, постапка и услови за промена на гранка на суспецијализација, донесена од Наставно-научниот совет на факултетот, бр. 02- 1908/1 од 7.7.2023 година, листата со потребни документи, како и образецот на пријавата за одобрување на специјализација/суспецијализација можете да ги најдете на WEB страната на Стоматолошкиот факултет во Скопје – www.stomfak.ukim.edu.mk

**III. Рок за пријавување**

Пријавата за одобрување на специјализациите/суспецијализациите до Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Стоматолошки факултет во Скопје се поднесува најдоцна во рок од **30 дена** од денот на објавување на огласот за одобрување на специјализација/суспецијализација, непосредно до архивата на Факултетот или по пошта на адреса: ул. "Мајка Тереза" бр. 43, 1000 Скопје.

**Универзитет "Св.Кирил и Методиј" во Скопје**
**Стоматолошки факултет - Скопје**